**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 10. 06. 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3076 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво ХЕПИРАДИО ДООЕЛ Скопје)

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10 јуни 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на регионално ниво, треба да биде 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари"*.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   **<u>Образложение:</u>** При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на радиодифузерот во 2018 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2018 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал пет лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани само две лица. Поради тоа, на 08.05.2019 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-2607/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 17-ти и 30-ти мај 2019 година (пет договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и пет физички лица) е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно пет лица, од кои три со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***